844.671.660

# Што направи ВМРО - ДПМНЕ за општина Карпош

## 2009-2012



www.vmro-dpmne.org.mk

**Почитувани граѓани на Карпош,**

Пред вас се наоѓа прегледот на сите инвестиции што ги спроведе ВМРО–ДПМНЕ на територијата на вашата општина. Во изминатите четири години градот Скопје, Агенцијата за млади и спорт, ЈП Водовод и канализација, како и Владата на Република Македонија, инвестираа вкупно **844.671.660** денари во подобрувањето на животот на граѓаните од оваа општина. Преку постојаната комуникација со граѓаните, ги лоциравме проблемите и заедно со вас, почитувани граѓани, во рамките на нашите можности ги реализиравме вашите барања. Во период од четири години беа реализирани проекти од сите сегменти на живеењето. На барање од граѓаните, под капата на градот Скопје беа изведени можеби и најкрупните инфраструктурни проекти во изминативе 20 години во оваа општина, како што е проширувањето на клучните сообраќајници во Скопје - булеварот „Илинден" и булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов". Благодарение на овие инвестиции, денес жителите на Карпош многу полесно комуницираат со другите населби од градот Скопје, а сообраќајниот метеж кој претходно се создаваше веќе стана минато. Покрај тоа, интензивно се инвестираше и во реконструкција на средните училишта како дел од заложбите на Владата за подобрување на условите во образованието во Македонија во секој сегмент. Карпош доби и нова ролерско–велосипедска патека на левата страна на Вардар, како и голем број нови тениски игралишта и други спортски објекти. Паралелно, ЈП Водовод и канализација постојано работи на промена на водоводната и канализациската мрежа во речиси сите делови на општината. Денес Спортскиот центар „Борис Трајковски" е гордост на спортска Македонија, прибежиште на сите вљубеници на спортските натпревари, но и на рекреативниот спорт. За таа цел минатата година беше целосно реконструиран и базенот „Карпош", кој денес наликува на современ базен, каков што заслужуваат идните пливачки имиња на Македонија. Денес Карпош, благодарение на фактот што ВМРО–ДПМНЕ знае да го слушне гласот на народот и да одговори на неговите барања и потреби, е многу поубаво место за живеење. Заедно со вас, можеме да направиме уште повеќе за нашиот Карпош, можеме да му го вратиме сјајот на најурбана општина во Скопје. За Карпош може да се направи многу повеќе од тоа што е направено во изминативе 20 години, Карпош мора да го врати стариот сјај. Ајде да го направиме тоа заедно!

Почитувани граѓани, наша должност како партија која доаѓа од народот и постојано е меѓу народот е да ви дадеме отчет за сè што е реализирано во Карпош во изминативе четири години. Ве повикуваме со внимание да го проследите овој отчет кој, се надеваме, ќе ве инспирира да создадете нови идеи и правци кон коишто сакате да се движи вашата општина, а ние сме тука да ги слушнеме и задно со вас да ги направиме реалност.

**Со почит,**

**ВМРО - ДПМНЕ**

# Факти

-Градот Скопје на територијата на Карпош во 2011 година има реализирано проекти со вкупна вредност од 101.900.000 денари.

-Во моментов на територијата на Карпош градот Скопје работи на проекти во вредност од 164.000.000 денари кои треба да бидат реализирани до крајот на годинава.

-Вкупните инвестициски активности на ЈП Водовод и канализација - Скопје со кои е извршена реконструкција на водоводната и канализациската мрежа на територијата на општина Карпош за периодот 2009-2012 година (заклучно со месецот септември) изнесуваат 86.771.660,55 денари.

-Започна изградбата на новата Детска болница за белодробни заболувања, проект за кој Владата издвои средства од буџетот во висина од 49,2 милиони денари, или осум милиони евра.

**Во изминативе четири години на територијата на Карпош се инвестирани вкупно 844.671.660 денари или 13,7 милиони евра.**



# Жителите на Карпош полесно комуницираат со централното градско јадро благодарение на реконструкцијата на булеварот „Илинден“

Со реконструкцијата и проширувањето на булеварот „Илинден“, жителите на Карпош не само што добија модерна улица, туку и за неколку пати се намали патувањето со автомобил од населбата до централното градско подрачје. По должината на булеварот е поставена модерна сигигнализација и зелен бран, што дополнително придонесува за побрз протек на сообраќајот на ова некогаш тесно грло во градот. За реконструкцијата на првиот дел од булеварот „Илинден“ беа инвестирани вкупно 210.000.000 денари, а во 2011 година идентичен зафат беше реализиран на краткиот сегмент од крстосницата со булеварот „8-ми Септември“ до бензинската пумпа на „Макпетрол“ во вредност од околу 325 илјади евра.

# ЗАПОЧНА ТРЕТАТА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА БУЛЕВАРОТ „ИЛИНДЕН“

Започна и третата фаза од проширувањето на булеварот „Илинден“, односно градежните активности за проширување и реконструкција на овој булевар од бензинската пумпа на „Макпетрол“ до улицата „Љубљанска“, во должина од 1.100 метри. Предвидено е овој сегмент од сообраќајницата да добие вкупно четири коловозни ленти широки по 3,5 метри. Во средишниот појас ќе се изгради жардиниера со зеленило, со променлива широчина од 2,5 до 5 метри, а од двете страни ќе бидат изведени нови тротоари со широчина од по 2,5 метри и ќе биде поставено ново осветлување. По проширувањето, асфалтот на стариот коловоз ќе биде изгребан и ќе биде нанесен нов асфалтен слој на површина од 10.500 квадратни метри. Во овој проект градот Скопје ќе вложи вкупно 64 милиони денари, односно околу еден милион евра.



# Целосна реконструкција на улицата „Козле“

Во текот на 2011 година започна првата фаза од реконструкцијата на улицата „Козле“, една од најфреквентните сообраќајници во Карпош. Во првата фаза од реконструкцијата на улицата во 2011 година градот Скопје издвои 11.500.000 денари. Во тек се градежните работи за втората фаза со што целосната сума за реконструкција ќе изнесува 40 милиони денари. Целосната реконструкција на улицата во должина од 1,3 километри значително ќе го намали сообраќајниот метеж во овој дел од градот, а жителите на Карпош ќе добијат уште една модерна сообраќајница.





# Изградена уште една ролерско-велосипедска патека на левата страна на Вардар

Жителите на Карпош во текот на 2011 година, благодарение на заложбите на Владата и на градот Скопје за поттикнување на здравите навики и зголемување на спортската свест во земјава, добија уште еден важен инфраструктурен проект – ролерско-велосипедска патека од левата страна на кејот на Вардар. Патеката е долга три километри, а широка 4,4 метри. По должината на патеката е поставено и ново улично осветлување со 98 метални столбови високи по шест метри. За реализација на овој проект градот Скопје издвои околу 16,5 милиони денари, а за осветлувањето се потрошени 5,3 милиони денари.



# Изградба на тротоар на улицата „Скупи“

Изграден е нов тротоар по должината на улицата „Скупи“, од мостот на реката Лепенец до патот за Бардовци, во должина од 800 метри. На оваа улица претходно немаше тротоар. Со овој проект на градот се зголеми безбедноста на пешаците на улицата „Скупи“. За изградбата на тротоарот градот Скопје потроши 3,2 милиона денари.





## Градската плажа „Парк“ стана вистинско место за рекреација на граѓаните

Во 2010 година беше отворена градската плажа „Парк“, инвестиција вредна девет милиони денари. Во рамките на плажата беа изградени и две игралишта, едно за одбојка и мултифункционално игралиште за ракомет и за мал фудбал на песок. Во изминатите три сезони градската плажа стана вистински хит за граѓаните на Скопје, која освен за релаксација, активно се користи и за рекреативен спорт. Во тој поглед градот Скопје им овозможи на граѓаните игралиштата во рамките на плажата да се користат бесплатно.

## Изграден мини атлетски терен во СУГС „Здравко Цветковски“

Во училиштето СУГС „Здравко Цветковски“ е изграден мини атлетски терен со атлетска патека за спринтерско трчање на 100 метри, патека за скок во далечина и платформа и терен за фрлање ѓуле. Теренот го изградија екипи на ЈП „Улици и патишта“, а за овој проект градот Скопје издвои 1,1 милион денари.



## Санирана улицата „Ацо Шопов“

Во големата акција што ја спроведе градот Скопје за санирање на ударните дупки на градските улици, целосно беше санирана улицата „Ацо Шопов“ во Карпош. Со санацијата на оваа улица, заедно со другите градски улици опфатени со проектот, конечно беше решен проблемот со лошата инфраструктура на овие сообраќајници кои претходно беа оставени на забот на времето. За санација на улицата „Ацо Шопов“ беа издвоени 800.000 денари.

## Дислоциран каналот во Нерези

Во изминатиот период градот Скопје пронајде решение за еден од најголемите проблеми на жителите од населбата Нерези – отворениот канал. Во 2010 година градот издвои 20.000.000 денари од буџетот, со што каналот беше целосно дислоциран. Во истиот период беше покриен и водозафатниот канал Имес – Александар палас, за што од буџетот на градот беа одвоени дополнителни 14.000.000 денари.

# Реконструирани средните училишта на територијата на Карпош

Во 2012 година се реконструирани средните училишта „Никола Карев“, „Здравко Цветковски“, „Георги Димитров“ и „Орце Николов“, односно беше извршено реновирање на санитарните јазли и на ѕидните површини, заменување на столаријата, реконструкција на покривите и на електричната инсталација. Со проектот беа опфатени 12 средни училишта од Скопје за што беа издвоени вкупно еден милион евра од буџетот на градот.







# Реконструкција на спортската сала во СУГС „Орце Николов“

Со средства од буџетот на град Скопје се работи на целосна реконструкција на подот на спортската сала во Средното училиште „Орце Николов“ во Карпош. Со оваа инвестиција вредна 1.000.000 денари, учениците наскоро ќе добијат модерна спортска сала достојна за потребите за спортските активности вклучени во наставната програма, но и за рекреативен спорт.

# Реконструкција на подовите во СУГС „Ѓорѓе Димитров“

Во рамките на големиот проект на град Скопје за реконструкција на 16 средни училишта на територијата на градот вреден 36 милиони денари, целосно ќе бидат реконструирани и подовите во средното училиште во Карпош „Ѓеорѓе Димитров“. Овој проект е еден од низата проекти на градот за подобрување на условите за настава во средните училишта. Досега со средства од градот се реконструирани вкупно 21 училиште, кои се под негова надлежност, а активностите ќе продолжат и во текот на наредните години.

# Реконструкција на прозорците и столаријата во СУГС „Здравко Цветковски“

Во рамките на проектот на град Скопје за реконструкција на средните училишта во градот е опфатено и Средното училиште „Здравко Цветковски“. Ова училиште преку овој проект ќе добие комплетно нови енергетско-ефикасни прозорци, а исто така целосно ќе се замени и дотраената столарија. За таа намена градот Скопје издвои 1.000.000 денари од буџетот.



# Реконструкција и проширување на булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“ на територијата на Карпош

Во тек се градежните активности за втората фаза од реконструкцијата на булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“ со што тој ќе прерасне во булевар со по две ленти во секој правец и вкупна широчина на коловозот од 13 м. Проектот предвидува проширување од крстосницата со улицата „Франклин Рузвелт“ до вкрстувањето со улицата „Московска“ кај студентскиот дом „Гоце Делчев“, во должина од 1.900 метри. Стариот асфалт од коловозот ќе се изгребе и ќе се замени со нов слој, ќе се постават нови тротоари, ќе се обнови постојното осветлување и хортикултурно ќе се уреди околниот простор. Од градот Скопје засега не даваат никакви информации за тоа кога точно ќе започнат градежните работи на терен, ниту, пак, попрецизни информации поврзани со детали од самиот проект. За втората фаза од реконструкцијата на булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“ од градскиот буџет ќе се издвојат 46.608.586 денари или околу 760.000 евра. Во првата фаза од реконструкцијата на оваа сообраќајница се работеше на проширување на коловозот од улицата „Мито Хаџивасилев-Јасмин“ до свртувањето кон улицата „Народен фронт“ и од улицата „Костурски херои“ до улицата „Франклин Рузвелт“, со вкупна должина од 1.600 метри. За целокупниот проект градските власти издвоија 96 милиони денари.

# Започна изградбата на нов парк во Карпош

Градот Скопје започна со изградба на нов парк на „Митрополит Теодосиј Гологанов“ кој ќе се протега на површина од 30.000 квадратни метри, а ќе содржи и трим-патека долга 700 метри што ќе се покрие со бела ризла. Исто така ќе бидат поставени и спортски реквизити слични на оние што градот Скопје ги постави на кејот на реката Вардар. Во другиот дел од паркот градот Скопје ќе изгради и парк за миленици со што ќе излезе во пресрет на барањата на околните жители кои чуваат миленици. По должината на паркот на булеварот„ Митрополит Теодосиј Гологанов“ ќе бидат поставени и чешми за вода, клупи и корпи за отпадоци. Во почетокот на ноември по должината на новоизградениот булевар ќе се засадат 300 дрвја. Целокупната инвестиција ќе чини околу 200.000 евра.





# Карпа за спортско качување на кејот на реката Вардар

Во октомври 2011 година на кејот на реката Вардар во Карпош беше поставена највисоката вештачка карпа за качување во Југоисточна Европа. Вештачката карпа за спортско качување се состои од средиштен дел за брзинско натпреварување на кота 11 м, лев ѕид за тежинско натпреварување на кота 16 м и десен ѕид за тежинско натпреварување и плагфон за тежинско натпреварување. Вештачката карпа е со површина од 305 м2. Површината каде што ќе се качуваат спортистите е направена од ГРП релјефни триаголни панели на кои се поставени клинови за спортско качување. Конструкцијата на вештачката карпа претставува решеткава челична просторна конструкција. Помошната карпа, болдерот, со површина од 58 м2, ќе биде составена од 5 различни карпи по профили со иста височина од 4.80 м. Исто така, и овој тип карпа ќе биде направен од челична просторна конструкција покриена со ГРП релјефни панели со поставени клинови за спортско качување. Помошниот објект е со површина од 78 м2 и содржи загревен дел за спортистите, санитарии за спортисти и јавен тоалет.

# Нова спортска сала во ОУ „Христијан Тодоровски–Карпош“



Во 2010 година беше пуштена во употреба новата спортска сала во ОУ „Христијан Тодоровски–Карпош“. Спортската сала е со површина од 650 m2 и со нејзината изградба, учениците од ова училиште за првпат добија современ објект за спортски активности како дел од заложбите на Владата на Република Македонија за поттикнување на здравите спортски навики кај младите. За изградба на спортската сала, од Буџетот на Република Македонија беа издвоени 470 000 евра. Оваа сала е дел од проектот на Владата на Република Македонија за изградба на 145 училишни спортски сали, со што вкупно 110 000 ученици од Македонија добија можност да спортуваат.



# Изградени седум тениски игралишта

На територијата на Карпош, како дел од проектот за изградба на 100 тениски игралишта во Македонија спроведен од страна на Владата на Република Македонија и од Агенцијата за млади и спорт, се изградени седум тениски игралишта со вкупна вредност од 27.001.057 денари. Љубителите на овој спорт од Карпош може да спортуваат на неколку локации низ населбата, и тоа на двојното тениско игралиште во ОУ „Јан Амос Коменски“, чија изградба чинеше 10.011.769 денари, на трите терени во ОУ „Петар Поп Арсов“, проект вреден 15.987.465 денари, како и на двојното тениско игралиште изградено на кејот на Вардар веднаш до карпата за спортско качување вредно 10.001.769 евра.




Во периодот **2009-2012 година** ЈП Водовод и канализација - Скопје на територијата на општина Карпош спроведе серија проекти за реконструкција на водоводната мрежа при што се заменети старите цевки со нови, кои се со поголеми профили и изработени од поквалитетни материјали, отпорни на влијанијата на почвата и на сообраќајот, со што се намалени дефектите на водоводната мрежа, загубите на вода, а жителите од општина Карпош добија подобро и поквалитетно водоснабдување. Вкупните инвестициски активности на ЈП Водовод и канализација - Скопје со кои е извршена реконструкција на водоводната и канализациската мрежа на територија на Карпош за периодот 2009-2012 година (заклучно со месецот септември) изнесуваат **86.771.660,55 денари**. На територијата на општина Карпош во периодот **2009-2012 година** е реконструирана мрежа од **5.833,5 метри**.



# Во текот на 2012 година беа реализирани и се реализираат следниве проекти

Во оваа 2012 година (заклучно со месецот септември) реконструирана е водоводната мрежа по новопредвидената улица „К“ во населбата Бардовци, профил ф-100 милиметри, во должина од 159 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 1.313.225 денари.

Реконструирана е и водоводната мрежа на дел од улицата „Скупи“, со профил ф-75 милиметри, во должина од 329 метри. Паралелно е изградена и фекална канализација, со профил ф-60 милиметри, во должина од 156 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 1.000.000 денари.

Во фаза на реконструкција е водоводната мрежа на следниве улици:

-„Њу Делхиска“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 109 метри;

-„Каирска“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 414 метри;

-„Римска“, со профил на цевки ф-80 милиметри, во должина од 67 метри;

-„Алжирска“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 418 метри и ф-80 милиметри, во должина од 18 метри.

Вредноста на инвестицијата изнесува 8.050.121 денари и согласно со потпишаниот договор со фирмата изведувач, реконструкцијата треба да заврши најдоцна до средината на октомври.

## Во 2011 година беше реконструирана водоводната мрежа на следниве улици:



-„Козле 1“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 168 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 754.054 денари.

-На дел од улицата „Козле“, со профил на цевки ф-80 милиметри, во должина од 130 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 704.800 денари.

-На дел од улицата „Козле“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 252 метри. Вредноста на инвестицијата е 550.102 денари.

-„Козле“ во средно Нерези, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 1.150,5 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 10.159.518 денари.



-На булеварот „Партизански одреди“, крак 10, со профил на цевки ф-50,8 милиметри, во должина од 100 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 126.883 денари.

-„Ловќенска“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 278 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 1.631.162,50 денари.

-„Леринска“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 342 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 1.534.978,50 денари.



## Во 2010 година е реконструирана водоводната мрежа на следниве улици:

-Кај Зоолошка градина, со профил на цевки ф-50,8 милиметри, во должина од 50 метри. Вредноста на инвестицијата е 64.580,70 денари.

-„Титово Ужичка“ и „Андов Дуков“ во населба Карпош 1, со профил на цевки ф-80 милиметри, во должина од 172 метри. Вредноста на инвестицијата е 1.087.503 денари.

# Во 2009 година е реконструирана водоводната мрежа на следниве улици:

-„Ловќенска“, со профил на цевки ф-80 милиметри, во должина од 103 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 602.308 денари.

-На дел од улицата „Демир Трајко“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 422 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 3.068.372,50 денари.

-„Миле Поп Јорданов“, со профил на цевки ф-100 милиметри, во должина од 241 метар. Вредноста на инвестицијата изнесува 1.599.513 денари.

-„Париска“, со профил на цевки ф-80 милиметри, во должина од 171 метар. Вредноста на инвестицијата изнесува 565.433 денари.

-Во периодот 2009-2011 година е реконструирана водоводната мрежа на дел од булеварот „Илинденска“, со профил на цевки ф-80 милиметри, во должина од 670 метри, ф-100 милиметри, во должина од 30 метри и ф-200 милиметри, во должина од 40 метри. Реконструирана е водоводна мрежа од 740 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 11.630.268 денари.

На територијата на општина Карпош во периодот 2009-2012 година е реконструирана водоводна мрежа од 5.833,5 метри, за што беа одвоени 44.442.822 денари.

Во однос на канализациската мрежа, во 2009 година во Злокуќани е изграден фекален колектор, профил ф-1000 милиметри, од населбата Злокуќани до населбата Криви Дол, со должина од 2.253,6 метри. Вредноста на инвестицијата изнесува 42.328.838,55 денари.



## Етно-село Нерези

Во прегратките на Водно, во близина на манастирот „Св. Пантелејмон“ во село Горно Нерези, интензивно се гради етно-комплексот куќи од различни македонски краишта. На едно место никнуваат градби специфични за селата од Делчевско, Беровско, Кумановско, Кратовско, Битолско, Прилепско, Скопско, Велешко... Проектот е именуван „Македонско виртуелно село“ и замислен како музеј под отворено небо и туристичка атракција со историски и културолошки национални белези. Реализацијата на  овој проект почна во 2011 година и треба да заврши до 2013 година.







## Нова детска болница за белодробни заболувања во Козле

Оваа инвестиција изнесува над осум милиони евра. Изградбата почна во септември 2012 година, а е планирано да заврши за 24 месеци. Новата болница ќе биде опремена со вкупно 100 кревети, поставени во двокреветни соби со сопствен тоалет. Новата детска болница за белодробни заболувања во Козле е втор здравствен објект кој почнува да се гради во независна Македонија. Идејата за оваа болница е, покрај  Институт за белодробни заболувања, да прерасне во детска болница на секундарно ниво.



# Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Карпош стана гордост на Македонија








Со самата изградба на Спортскиот центар „Борис Трајковски“, населбата Карпош стана центар на најголемите спортски, музички и културни настани во Република Македонија. Со цел што повеќе да се збогатат содржините што ги нуди Спортскиот центар, во изминатите години интензивно се инвестираа средства за збогатување на содржините што ги нуди центарот. Во тој правец во периодот од 2009 до 2012 година беа реализирани следниве проекти:

- изградба на кугларница, пинг-понг клуб, конгресен центар, игротека и билјард-клуб во 2009 година;

- картинг, игралиште за хокеј и за уметничко лизгање, фаза завршена во 2010;

- целосна реконструкција на базенот „Карпош“ во 2011, со што базенот доби комплетно нов модерен лик според сите современи стандарди за зимски затворен базен;

- во 2012 започна изградбата на едукативна мотопатека, како и на четири тениски игралишта што се градат во соработка со Агенцијата за млади и спорт;

- во март 2013 година се предвивува пуштање во употреба на аквапаркот со што дополнително ќе се збогатат содржините што ги нуди Спортскиот центар „Борис Трајковски“.

